РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0205-211/8-1
23.09 2019 год.
СКОПЈЕ

БАС
ВИСОКА ШКОЛА

Врз основа на член 137 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 82/18), врз основа на член 116 од Статутот на БАС, како и врз основа на член 56 и 57 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на БАС, Наставничкиот совет на БАС, на редовната 155 седница одржана на 23.09.2019 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за прифаќање на извештајот од Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд и определување на датум за одбрана

**Член 1**

Се прифаќа Извештајот за специјалистички труд (дел.бр. 0302-40/22 од 18.09.2019 година) на студентот **Елизабета Андриевска Ефтимова**, со досие бр. 2320 и наслов на трудот **„Идентификување на причините за користење на надворешен извор за едукација“**, доставен од страна на Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд во состав: проф. д-р Даниела Карадаков – ментор, проф. д-р Гордана Тасевска – претседател на комисијата и виш пред. м-р Горазд Смилевски – трет член на комисијата.

**Член 2**

За датум на одбраната на специјалистичкиот труд се определува 14.10.2019 година (понеделник) со почеток во 13:00 часот во БАС во Скопје.

**Член 3**

Одлуката за усвојување на извештајот и датумот за одбрана на специјалистичкиот труд да се достави на студентот, членовите на комисијата и да се објави на интернет страницата и на огласните табли на БАС.

**Член 4**

Менторот има обврска завршниот труд да го постави во базата на специјалистички трудови на образовниот портал на БАС, веднаш по одбраната на специјалистичкиот труд.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Директор**

**Проф. д-р Даниела Карадаков**